Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден _.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на**
**Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат тројца вршители на должност за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес:

    - ______________________;
    - ______________________ и
    - ______________________.

2. Мандатот на вршителите на должност трае до именување на нови членови, но најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година донесе Решение со бр.25-2933/25 од 17.06.2022 година за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк–Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се именуваат: Жарко Манасков, Мартин Ефремов и Сафит Јакупи.

Поради избор на Жарко Манасков за член на Советот на Општина Велес со Одлука за верификација на мандат на членови на Советот на Општина Велес со арх.бр. 25-5155/2 од 06.11.2025 година, постои неспоиливост на функцијата на член на Советот и член на Управен одбор во јавното претпријатие основано од општината.

Согласно член 17–ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25): „Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност за членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување”.

Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес не е во можност да функционира и полноважно да одлучува поради нецелосен состав на истиот, односно само со два члена.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.